

# Топлинска изолација и статичка

Softline 82 ги исполнува сите барања на сигурност, фукционалност и топлинска изолација.Геометријата на профилот на овој иновативен систем се топлинските подобрувања и гарантирана оптимална топлинска изолација. Благодарение на единствениот VEKA квалитет и дебелината на ѕидот на профилот во класа А според RAL сертификат,системот Softline 82 обезбедува оптимална стабилност дури и кај големи елементи, како што стаклени ѕидови, кои мораат да ги исполнуваат високите барања на статиката.



# SOFTLINE 82 - Систем за заштеда на енергија

**Профилен систем**

- Енергетска ефикасност прва класа: прозорци за куќи со ниска потрошувачка на енергија како и за пасивни куќи
- Повеќе коморен систем со основна вградна длабочина од 82мм
- Дебелина на ѕидот на профилот во согласност со највисокиот RAL стандард, квалитет-класа А(според DIN EN 12608, класа А)
- VEKA квалитет за стабилност, долготрајност и сигурна функционалност
- Челично појачување според VEKA насоки за појачување со традиција на квалитет долга со децении
- Хармонично се вклопува во различни градежни стилови , од модерни новоградби до внимателно санирани стари објекти

**Енергетска ефикасност**

- Можна Uw-вредност со трослојно стакло и до Uw= 0,67 W/ $(m^2K)$,кај прозорци во куќи со ниска потрошувачка на енергија (нпр. . Uw = 1,1 W/$(m^2K)$, и до стандарди на пасивни куќи, пр. Uw = 0,73 W/$(m^2K)$)
- Ефективна топлинска изолација со согласност со актуелните и идните законски одредби за заштеда на енергија и смалување на трошоците за греење обезбедува долгорочна сигурна инвестиција.

**Систем на заптивање**

- Трите нивоа на заптивки сигурно заштитуваат и од ниска и од висока температура, провев и влага
- Средната заптивка непрекинато поставена по должината на двата рама на прозорецот
- Квалитетни заптивки во сива или црна боја
- Исто така достапна и варијанта со гранична заптивка

**Отвор за стакло**

- Внатрешно растојание на прозорските стакла од 25mm овозможува подобра топлинска изолација
- Голем избор на дебелина на стакло од 24mm до 52mm за рамот и крилото на прозорецот спрема индивидуални потреби

**Различни облици**

- Можност за промена на површината на профилот со повеќе од 50 бои и различни текстури и дезени, како и алуминска постава

**Одржливост**

- Еколошки поради производствен процес со кој се врши заштеда на ресурси
- Softline 82 е можно скоро 100% да се рециклира.

**Добар совет од стручни лица.**

Довербата е клучната работа при градење и реновирање,затоа е најважно да одберете сигурен партнер.Како компанија сертифицирана и специјализирана за изработка на прозорци од VEKA профил со задоволство ќе Ви дадеме сигурни и компетентни одговори на сите прашања во врска со прозорците и вратите.Потпрете се на нашето искуство во производство и изработка на прозорци со најсовремена технологија од проверен квалитет.

ВЕКТОР ПРО
СИГУРНОСНИ ВРАТИ • ПВЦ СТОЛАРИЈА

ул. Варшавска бр.1, Карпош
во зградата на Настел Тафталиџе
тел/факс +389 2 3090 611
моб. +389 75 427 666
http: www.vektorpro.com
e-mail: info@vektorpro.com

BR-SL82-04/2013-SRP

**VEKA AG** • Dieselstrasse 8 • 48324 Sendenhorst • Phone +49 (0)2526 29-0 • Fax +49 (0)2526 29-3710 • www.veka.com • Ein Unternehmen der Laumann Gruppe




VEKA квалитетен профил

SOFTLINE 82



# Иновативниот VEKA систем ги исполнува барањата на иднината



Константното зголемување на трошоците за греење во зима и ладење во лето бара нови решенија за заштеда на енергија.Со вградување на современи Пвц прозорци произведени од новиот системски профил Softline 82, секое домаќинство може да направи значајна заштеда на енергија и воедно да постигнат пријатна атмосфера со максимална удобност.Благодарение на повеќекоморната изолациска технологија , со основна вградна длабочина од 82мм и висококвалитетен заптивен систем може да се намалаат трошоците и да се обезбеди пријатна клима во сите годишни времиња. Дебелината на sидот на профилот во согласност со највисокиот гемански RAL-стандард за квалитет од класа А кои ги има системот Softline 82, претставува комбинација од максимална термоизолација и исклучива долготрајност и стабилност.Со својот класичен дизајн системот Softline 82 хармонично се вклопува во сите градежни стилови, од модерни новоградби до внимателно санирани стари објекти.

## Елегантен дизајн за најдобра термичка изолација



Системот Softline 82, благодарение на елегантниот дизајн на профилот, пропушта големо количество на светлина во просториите, а притоа е многу економичен. Блаодарение на високата стабилност на системот и негова врвна термичка изолација, може да ги спои барањата на модерната архитектура за големи стаклени површини и максимална енергетска ефикасност.

Во поглед на обликот и бојата, системот Softline 82 не поставува граници на Вашата креативна слобода.

1. **Благодарение на основната длабочина на вградување од 82мм** овој систем е универзално прилагоден и за новоизградените објекти и за реновирање.
2. **Врвна термичка изолација** е резултат на иновативната повеќекоморна конструкција, можност за постигнување Uw-вредност дури и до 0,67 W/(m²K)
3. **Ефикасен заптивен систем** со три нивоа на заптивки сигурно штити и од ниски и високи температури, провев и влага
4. **Квалитетно челично појачување** димензионално со цел за сигурна функционалност и заштита од провала.
5. **Класичен дизајн** на елегантна форма и благо заоблени контури совршено се вклопува во различни архитектонски стилови

*sa staklom $U_g = 0{,}4\ W/(m^2K)$ i $\psi_g = 0{,}035\ W/(mK)$




### Штедењето на енергија се исплаќа

Иновативната повеќекоморна стабилна конструкција на VEKA профилот обезбедува најголемо ниво на термоизолација. Со тоа значајно се намалува потрошувачката на енергија како и трошоците за греење и ладење.

### Разновидност на бои

Прозорците и вратите во боја даваат посебна магија во секој дом и Ви даваат можност на секој простор да му дадете свој личен печат. Кај нас имате можност да изберете повеќе од 50 бои, како и рустикални текстури/дезени од дрво –извонредни решенија за секој вкус и секој тип на куќа.

### Совршена клима во вашиот дом

Одличните термоизолациски својства на VEKA профилот одржуваат постојана температура во просториите и обезбедуваат пријатна атмосфера. Додатните заптивки обезбедуваат оптимална заштита од висока и ниска температура и провев.

### Врвна звучна изолација

Бучавата ја намалува удобноста на домувањето и може дури да го наруши и здравјето. Веќе и стандардните прозорци од VEKA профили ве штитат од бучава, а може и дополнително да се опремат за да одговораат на највисоките стандарди на звучна изолација.

### Зголемена сигурност

Во зависност од позицијата и достапноста, прозорците мораат да исполнуваат сосема различни сигурносни барања. Доколку Вие тоа го сакате, прозорците од VEKA може да се опремат со специјален оков , стакло и рачки со што ќе ги направите отпорни на провала.

### Вредности за иднина

Новите прозорци представуваат исплатлива инвестиција која ја зголемува вредноста на Вашата недвижнина. Висококвалитетните VEKA профили со исклучиво мазна површина остануваат со години со убав изглед, лесно и брзо се одржуваат и не треба никогаш повторно да ги фарбате.